УДК 314.15(721/727:73)

**Роберто Зепеда[1] (Мексико), Хорхе Вирчез[2] (Канада), Алфонсо Маркина Маркез[3] (Шпанија)**

# МИГРАЦИЈАТА ОД МЕКСИКО КОН СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ: ДИМЕНЗИИ И ПЕРСПЕКТИВИ

*Айсшракш:* Миграциските текови во Америка се засилени во последните декади, особено оние од Јужна Америка кон Северна Америка. Во Америка се случуваат најголемите миграциски текови во светски рамки. Додека Мексико е најголемиот извозник на мигранти, Соединетите Американски Држави се најголемиот примател на мигранти во светот. Најголемиот дел од современата миграција кон Соединетите Американски Држави е недокументирана и скриена, што создава ризици како за мигрантите така и за земјата што ги прима бидејќи границите стануваат порозни. Миграциските текови најчесто се поврзани со економските фактори, географската близина и дисбалансот во платите меѓу Соединетите Американски Држави и земјите од Латинска Америка. За да се реши овој проблем, потребна е соработка меѓу земјите што даваат и земјите што примаат мигранти преку мултилатерален договор што ќе ги регулира тековите на мигрантите за да одговараат на потребите од работна сила во Соединетите Американски Држави, особено во земјоделскиот сектор и во секторот за нископлатени услуги.

*Клучни зборови*: миграција, Мексико, Соединети Американски Држави, граници, несигурност.

## Димензии на интернационалната миграција

Миграцијата е една од модерните глобални теми што го привлекува вниманието на научниците, аналитичарите, како и на националните и институционалните организации. Миграциските текови помеѓу државите постојано се засилуваат, што доведува до различни проблеми за земјите од каде што потекнуваат мигрантите, за транзитните земји, како и за дестинациските држави на мигрантите. Додека државите од каде што потекнуваат мигрантите се соочуваат со проблеми како што е од-

[1] Професор истражувач, Универзетет дел Мар (Universidad del Mar, Campus Huatulco), Оаксака, Мексико. Докторирал политички студии. Магистрирал на студии за Северна Америка. Истражува на следниве теми: демократизација, неолиберализам, трговија со дрога, безбедност, миграција. E-mail: zepeda_roberto@hotmail.com.

[2] Вонреден професор, Оддел за географија, Лорентински универзитет (Laurentian University), Садбери, Онтарио, Канада. Културен географ. E-mail: jvirchez@laurentian.ca.

[3] Истражувач при истражувачката група за применети социокултурни студии, Оддел за социјална антропологија, Универзитет на Гранада (Campus de la Cartuja), Гранада, Шпанија. Докоторирал социјална антропологија. E-mail: ammarq@ugr.es

ливот на мозоци, редуцирање на работоспособното население, како и намалување на бројот на даночните обврзници, дестинациските држави се соочуваат со тешкотии во следењето на лебдечката и скриена популација, особено кога станува збор за овозможувањето на социјални, јавни и здравствени услуги на овој вид популација. Транзитните држави, пак, се занимаваат со мигрантите што поминуваат, а во многу случаи и стануваат жртви на организиран криминал и на наркокартелите, но и на корумпирани државни претставници што ги уценуваат со цел да им дозволат да го продолжат својот пат.

Миграциските предизвици претставуваат базичен елемент не само за домашните владини агенди туку и за интернационалните организации, така што често се присутни на многу форуми каде што се дискутира за овие теми. Најважните теми поврзани со миграциите се следниве: истражување на причините поради кои одредени поединци или групи во одреден временски период се иселуваат од нивното родно место во некоја далечна земја; анализа на причините поради кои мигрантите пристигнуваат во одредена дестинациска држава; и анализа на трајноста на престојот: дали е тој сезонски или траен. Сите овие аспекти можат да ги објаснат причините и факторите на миграциските процеси.

Социодемографските карактеристики на мигрантите исто така го привлекуваат вниманието на научниците. Традиционално мажите повеќе мигрираат од жените, иако оваа слика се менува постојано во последните години. Во современи услови женските мигранти сè повеќе учествуваат во миграциските движења.

Главните цели на овој текст се следните. Прво, да се дефинираат неколкуте клучни аспекти на миграциските текови во Америка, како и бројот на луѓето од различни места што мислат дека е неопходно да се преселат поради различни фактори. Да се идентификуваат димензиите на миграцискиот процес; нивоата на миграција од Мексико кон Соединетите Американски Држави и од јужноамериканските држави кон Соединетите Американски Држави се релевантни за да се разгледа овој феномен со цел да се определи динамиката на миграцијата помеѓу државите на Америка, но исто така да се идентификува нивната релевантност и влијанието на други проблеми, како што е домашната безбедност во најширокото значење на зборот. Во последниот дел ќе направиме критичка проценка на феноменот на миграциите, особено во последните декади од 20 век и раниот 21 век.

## Главни фактори за миграција

Миграцијата е историски процес што се случува поради различни причини. Гледано од една глобална перспектива, миграциската популација значително се зголемува. До 1970 година во светски рамки има 81,5 милиони мигранти; понатаму оваа бројка расте до 99,8 милиони до 1980 година; тоа подразбира раст од 22,5 проценти од 1970 година. Сепак растот е најзначителен од 1980 до 1990 година кога бројот на мигрантите што се движат низ светот порасна од 99,8 до 154 милиони, што значи раст од 54,3 проценти од 1980-тите години. Истиот образец продолжи за време на последната декада од минатиот век, иако во помала мерка, кога бројката на мигранти достигна до 174,9 милиони, што подразбира раст од 13,6 проценти (Koser 2007).

Во табелата број 1 може да се види дека земјите од развиениот свет примаат најголем број мигранти во споредба со земјите во развој. Речиси две третини од конгломератот на интернационални мигранти е концентриран во развиените земји, главно во Соединетите Американски Држави, како што ќе видиме подолу. Важно е да се забележи дека оваа карактеристика на интернационалната миграција не беше присутна во 1970 година, кога мигрантите најмногу беа концентрирани на земјите во развој. Сепак, таквата ситуација драстично се промени во последните три декади од минатиот век.

**Табела 1. Интернационални мигранти по региони во светот, 1970–2005 година**

| Година | 1970 | 1980 | 1990 | 2000 | 2005 | 1970–1980 % | 1980–1990 % | 1990–2000 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Свет | 81,5 | 99,8 | 154 | 174,9 | 200 | 22,5 | 54,3 | 13,6 |
| Развиени земји | 38,3 | 47,7 | 89,7 | 110,3 | / | -- | -- | -- |
| Земји во развој | 43,2 | 52,1 | 64,3 | 64,6 | / | | | |

(Извор: UNDESA, World Economic and Social Survey: International Migration (New York: UN, 2004). Приспособено од анализата на Koser 2007).

Поновите податоци откриваат дека приближната бројка на интернационални мигранти низ светот во 2010 година изнесува 214 милиони. Бројката е релативно стабилна во последните години; растот изнесува едвај 0,1 процент во периодот меѓу 2005 и 2010 година во рамките на светската популација. Соединетите Американски Држави се домаќини на најголемиот конгломерат на мигранти во светот, додека шест од десет земји со најголем број на мигранти се европски држави (Франција, Германија, Русија, Шпанија, Украина и Обединетото Кралство). Тоа значи дека најголемите примачи на мигранти во светот се Соединетите Американски Држави и Европа (Koser, Laczko 2010).

Како што може да се види, во последните неколку декади текот на мигрантите беше насочен главно кон развиените земји, во случајов кон Соединетите Американски Држави и во развиените економии во Европа. Тоа значи дека доминацијата на миграциските текови кон развиените земји претставува скорешен феномен.

Неколку научници веќе го потенцираа нерамноправниот економски развој во светот како главен фактор во однос на миграцијата. Кастелс (Castells 2010: 130) ја потенцира значителната експанзија на интернационалната миграција, „и покрај зголемувањето на невработеноста и засилувањето на граничните контроли“, бидејќи нееднаквиот развој на независниот свет и мрежите на поврзаност меѓу заедниците (вклучувајќи го Интернетот) нудат поголеми можности за ширење на „*транснационализмот оддолу*“. Кастелс го сумира парадоксот на модерната глобализација: „Додека капиталот е глобален и мрежите за основно производство се глобализирани, голем дел од трудот е локален. Единствено елитната специјализирана работна рака, од голема стратешка важност, е навистина глобализирана“ (Castells 2010: 131).

Во текот на последните четири декади Мексико дава најмногу мигранти во светски рамки. Во периодот меѓу 1975 и 1995 година Мексико беше најголем извор на интернационалната миграција бидејќи испраќа во странство повеќе од 6 милиони луѓе,

главно во Соединетите Американски Држави (табела бр. 2). Мексиканската емиграција е мотивирана од економските фактори, додека другите земји од каде што потекнуваат мигрантите исто така имаат дополнителни катализатори за давање мигранти, како на пример социјална револуција и граѓанска војна. Вакви се случаите на Авганистан (4,1 милион), Казахстан (2,6 милиони) и Руанда (1,7 милиони) во истиот временски период (Vaidya 2006: 153–154). Тоа значи дека според листата на замји што даваат интернационални мигранти повеќето страдаат од политички конфликти или граѓанска војна, додека во случајот со Мексико, главната причина се економските проблеми.

**Табела 2. Земји што даваат мигранти во светот 1975–1995**

| Земја | Број на мигранти (милиони) |
|---|---|
| Мексико | 6 |
| Бангладеш | 4,1 |
| Авганистан | 4,1 |
| Филипини | 2,9 |
| Казахстан | 2,6 |
| Виетнам | 2 |
| Руанда | 1,7 |
| Шри Ланка | 1,5 |
| Колумбија | 1,3 |
| Босна и Херцеговина | 1,2 |

(Извор: изготвено според податоците на Vaidya 2006).

На светско ниво, во 2010 година Мексико беше земја со најголем процент на емигранти во однос на вкупната национална популација. Раширени низ светот, главно во Соединетите Американски Држави, во 2010 година имаше 10,1 милион мексикански мигранти, што претставува околу 10 проценти од нивната вкупна популација, што значи највисокиот светски процент. Земајќи ги предвид вкупните бројки, Русија имала најголем број на жители (12,1 милион) што живеат надвор во 2010 година. Мексико е на второто место со 10,1 милион, но според вкупниот број на мигранти во однос на вкупниот број на жители во државата, Мексико испраќа повеќе интернационални мигранти (Koser, Laczko 2010).

Најпосле, мора да ја истакнеме посебната улога на Русија во оваа категорија поврзана со миграцијата, бидејќи по колапсот на Советскиот Сојуз се создаде една географска промена што ја предизвика миграциската ситуација на милиони луѓе што наеднаш се најдоа како живеат во друга земја (главна дефинирачка карактеристика на мигрантите).

Иако во последните години интензитетот на миграциската линија Мексико – Соединети Американски Држави малку се намали, таа сè уште продолжува.

## Главни причини за миграција

Миграцијата е комплексен феномен и тежок за прецизирање. Миграцијата е зависна од неколку фактори. Научниците создале различни теории за објаснување на факторите што стојат зад миграциските процеси. Хејвуд (Heywood 2010) идентификува два вида теории во оваа смисла: прво, теории што ја потенцираат улогата на по-

единечните фактори и, второ, теории што ја разгледуваат важноста на структуралните фактори. Во реалноста, веројатно, овие фактори се испреплетуваат и се преклопуваат поради фактот што поединечното донесување на одлуки не може да се разбере одвоено од структуралниот контекст во кој се носат поединечните одлуки.

Од наша перспектива, миграцијата од Мексико во Соединетите Американски Држави се должи главно и на факторите на протерување и на факторите на привлекување, иако можеме да потврдиме дека најголемите миграциски текови се случиле кога во земјата што ги прима мигрантите имало подобри услови за прифаќање на интернационални мигранти. Оваа идеја се совпаѓа со онаа на Лоуел и коавторите (Lowell et al. 2008) дека најевидентната причина за растот на миграцијата од Мексико кон Соединетите Американски Држави е економскиот бум на Соединетите Американски Држави. И миграцијата во правец Мексико – Соединети Американски Држави и економијата се случуваат во втората половина на 1990-тите години. Навистина, овие научници истакнуваат дека трендот за доаѓање на недокументирани мексикански мигранти е во корелација со растот на економијата во Соединетите Американски Држави и стапката на трудот во земјата. Од друга страна, големиот тек на мексиканска миграција кон Соединетите Американски Држави, кој се случи веднаш по економската криза во Мексико во 1994–1995 година, може да се поврзе со факторите на протерување, особено поради недостигот на можности за работа во земјата.

Порастот на миграција од Мексико и Централна Америка кон Соединетите Американски Држави може да се идентификува како еден од катастрофалните ефекти на повторливите економски кризи и слабите економски можности во овие земји.

Уште повеќе, во Мексико можат да се следат штетните ефекти на неолибералната глобализација во однос на платите и надоместоците на работничката класа. Работниците во оваа земја сведочат за ерозијата на нивните приходи во периодот меѓу 1980 и 2000 година. Во 2000 година минималната плата изнесувала третина од сумата за минимална плата од 1980 година. Платите на работниците од државните индустрии биле преполовени во однос на оние што ги зеле во 1980 година (Zepeda 2009: 65).

Во последните декади егзодусот на мексиканските работници се случува поради недостигот на работни места во нивната земја, како и поради постојаното намалување на платите. Мексиканските мигранти и оние од Латинска Америка стануваат скитничка група во Соединетите Американски Држави барајќи нискоквалификувани работни места: работат не само сезонска работа во земјоделскиот сектор туку исто така се вработуваат во ресторани за брза храна, како касиери во супермаркети, како чистачи и портири во владини сервиси и во хотели и на разни други професии што не се привлечни за домашните работници. Голем дел од женските работнички се вработуваат како бебиситерки во семејства каде што родителите работат по цел ден.

И покрај фактот што имигрантите се суштински важни за функционирањето на економските активности, тие се понижени бидејќи мексиканската и латиноамериканската култура (кои се класифицирани како хиспаниски од страна на владата на Соединетите Американски Држави) се потчинети од страна на масовните медиуми и општеството во Соединетите Американски Држави, кои не го препознаваат придонесот на овие работници на пазарот на трудот и за економијата што ги експлоатира. И покрај тоа, Мексиканците преферираат да работат на нискоквалифику-

вани работни места и да бидат експлоатирани поради несразмерноста во платите, бидејќи во нивната татковина тие не можат да добиваат таков приход.

Во случајот со миграцијата од Мексико кон Соединетите Американски Држави има различни видови мигранти, но од наша перспектива најголем дел од мексиканската миграција во Соединетите Американски Држави се случува поради економски причини, особено заради подобрување на условите за живот, поттикната од огромните разлики во платите помеѓу овие две земји. „Економски мигранти се оние што мигрираат поради економски причини – тоа значи да го подобрат својот материјален стандард на живот, и покрај другите сфаќања – без разлика дали имаат намера да добијат траен престој или не“ (Goldin 2006: 109). Според тоа, мексиканските мигранти можат да се класифицираат како економски мигранти.

Од друга страна, за време на периодот од 1987 до 1994 година повеќето од мигрантите од Мексико во Соединетите Американски Држави биле главно семејни мигранти со оглед на тоа што се селат во друга земја за да се спојат со своите роднини. Ова се случуваше по прифаќањето на Имиграциската реформа и контролниот акт (ИРКА – IRCA) што го поддржува семејното соединување откако им е доделена амнестија на оние мигранти што работат во Соединетите Американски Држави со работно искуство (иако недокументирано) во државата од 5 или повеќе години (Durand, Massey 2003: 169).

## Природата на миграцијата од Мексико кон Соединетите Американски Држави

Обемна литература е напишана за миграцијата од Мексико кон Соединетите Американски Држави во последните декади, особено по драстичниот пораст на миграциските текови, но исто така бидејќи факторите што се однесуваат на овој феномен беа предмет на дебати и контроверзии. Миграцијата од Мексико кон Соединетите Американски Држави датира од пред неколку декади. Можно е да се детектира дека миграцијата се интензивира значително од 1980-тите години. Географската близина, блиските општествени и културни врски, зголемената економска интеграција и широките релации меѓу двете земји придонесуваат за создавањето на овие миграциски текови. Заедничката граница со должина од повеќе од 3000 километри е најпреминуваната на светот, и 98 проценти од мексиканската миграција оди кон Соединетите Американски Држави (Delgado Wise, Márquez 2007: 117).

Според последните податоци од официјалната статистика на владата на Мексико, миграцијата во правец Мексико – Соединети Американски Држави се карактеризира според нејзиното потекло како процес на трудот во кој може да се види дихотомијата на континуитет и промена. Постојат стабилни обрасци до 1980-тите години, кога се случуваат одредени трансформации. Миграциските обрасци можат да се објаснат преку последователните економски кризи регистрирани во Мексико, особено во периодот од 1980 до 2000 година, но исто така можат да се објаснат преку реструктурирањето на економскиот модел, трансформацијата на економската структура во Соединетите Американски Држави, ефектите на различните унилатерални миграциски политики на Соединетите Американски Држави, влијанието на договорите за слободна трговија и генералниот контекст на растечката глобализација (Zúñiga et al. 2004).

Дуранд и Масеј (Durand, Massey 2003) идентификуваат неколку историски фази на миграција на Мексиканците во Соединетите Американски Држави. Првата фаза е системот на кука (enganche, hooking ’закачување‘), која трае од 1900 до 1920 година и го зафаќа периодот на Мексиканската револуција. Втората фаза или масовната депортација се случува во периодот помеѓу 1921 и 1942 година. Третата фаза наречена програма Брасеро (Bracero) се случува од 1942 до 1964 година. Четвртата фаза или периодот на недокументирани мигранти се случува во периодот од 1965 до 1985 година, и последната фаза на тајна миграција почнува во 1987 година со одобрувањето на договорот ИРКА и трае до раниот 21 век.

Фазите што најмногу му одат во прилог на миграцискиот процес се периодот на програмата Брасеро и тајната миграција, особено оваа последната бидејќи го модифицирала миграцискиот образец востановен за време на програмата Брасеро и по неа, од сезонска миграција, излез и влез, машки мигранти со рурално потекло, прво легални, а потоа недокументирани мигранти, кон востановени, легални, трајни и семејни миграции на луѓе со рурално и урбано потекло.

Иако авторите точно ги идентификуваат и опишуваат овие фази на миграција од Мексико кон Соединетите Американски Држави, анализите на причините за започнување на миграциските текови од 1980 година се ограничени и потценуваат некои други суштински фактори. На пример авторите не ја препознаваат релевантноста на присвојувањето на економската неолиберална политика во Мексико, која се случила во истата декада кога започнува миграцијата. Еден друг незабележан фактор е разликата во платите помеѓу двете држави, што може да биде централен фактор за поттикнување на миграцискиот процес. Слично на ова, мора да се земе предвид економскиот модел прифатен во Мексико, кој промовираше ниско ниво на работнички трошок со цел да се зголеми продуктивноста и бенефициите за транснационалните компании и плантажите макиладорас (maquiladoras) во Мексико. Ова е спротивно на интеграциските процеси, како на пример Европската Унија (ЕУ), каде што стандардизацијата на работничките трошоци и социјалните бенефиции беше насочена кон соединување или барем кон намалување на јазот во однос на платите и приходите кај земјите во Европската Унија.

Повеќето специјалисти за миграцискиот процес од Мексико кон Соединетите Американски Држави ја третираат програмата Брасеро (1942–1965) како иницијатор на миграцијата од Мексико кон Соединетите Американски Држави. Туиран и Авила (Tuirán, Ávila 2010: 104) потврдуваат дека таа програма создала увозен модел на евтина работна сила со различни карактеристики од бирократско-административна перспектива (владина контрола и администрација) и четири карактеристики на миграцискиот образец: легално, циркуларно, машко, рурално.

Тоа значи дека програмата Брасеро предизвикала миграциски тек од легален карактер, целосно препознаен од Соединетите Американски Држави, што им дозволува на Мексиканците да одат на работа и да се враќаат на одредени периоди. Мнозинството од работниците се мажи што доаѓаат од руралниот сектор. По завршувањето на програмата Брасеро во 1965 година, следува миграцискиот образец на недокументирана миграција со истите карактеристики: повеќето мигранти биле мажи со селско потекло, повратната миграција е карактеристична со тоа што овојпат миграцијата станува нелегална или недокументирана. Уште повеќе, ваквите мигранти имале ниско ниво на образование: основно образование или во некои случаи средно образование.

Фазата на недокументирана миграција започнува во периодот кога завршува програмата Брасеро, во средината на 1960-тите години. Соединетите Американски Држави одлучиле да ѝ стават крај на програмата што функционирала повеќе од 20 години и се определиле за регулирање на миграциските текови на Мексиканците потпирајќи се на три типа комплементарни мерки: легализирање на секторот на работна популација преку системот на државни квоти, институционализација на границата за да се ограничи слободниот транзит и систематска депортација на мигранти што не поседуваат документи (Durand, Massey 2003: 47–48).

Периодот на недокументирани мигранти што ја ограничи легалната и организирана миграција, а ја протежираше миграцијата без документи, заврши со донесувањето на законот за имиграција познат како Имиграциска реформа и контролен акт (ИРКА – IRCA – Immigration Reform and Control Act) промовиран од владата на Роналд Реган, кој стапи на сила во 1987 година. Ова беше еден од факторите што го поттикна рапидниот пораст на миграцијата од Мексико кон Соединетите Американски Држави во втората половина на 1980-тите години и во текот на 1990-тите години.

Латапи и Мартин (Latapí, Martin 2006) се согласуваат со други аналитичари за фактот дека законот ИРКА резултурал со легализирање на нешто повеќе од 2 милиони мексикански имигранти. Така новиот легален статус на овие луѓе што претходно биле недокументирани им овозможил тие да поттикнат нова миграција преку нивните роднини, односно преку поканување и вдомување на други луѓе.

Од друга страна, законот ИРКА не успеал да имплементира какво било ограничување во вработувањето на недокументирани имигранти, додека беа имплементирани нови методи за зајакнување на контролата на границата. Така новиот граничен режим не успеа да ги сопре мигрантите што едноставно наоѓаа нови патишта да влезат во државата. Новиот режим што можеби доведе до зголемен пораст на мигранти, заврши со циркулаторната миграција и се определи за траен престој во Соединетите Американски Држави (Lowell et al. 2008).

Овој развој на настаните го редефинира миграцискиот процес и обележа една нова ера на мексиканската миграција кон Соединетите Американски Држави. Главните карактеристики на обрасците на миграција се следниве (Zúñiga et al. 2004):

- Намалување на механизмите на циркуларност на миграцијата и склоност кон зголемување на периодот на престој во Соединетите Американски Држави.
- Зголемување на магнитудата и интензитетот на трајните мигранти, документирани и недокументирани.
- Проширување на границите на регионите што испраќаат и дестинациските региони со тенденција да се создаде еден миграциски образец со национален карактер, а не со регионален. До 2000 година неколку држави на Мексико испраќаа повеќе мигранти кон Соединетите Американски Држави: Сакатекас, Мичоакан, Дуранго и Халиско (Zacatecas, Michoacán, Durango, Jalisco), додека држави што прифаќаат мигранти во Соединетите Американски Држави се: Калифорнија, Тексас и Аризона.
- Поголема хетерогеност во профилот на мигрантите (повеќе мигранти со урбано потекло, се зголемува присуството на жените, со повисоко ниво на образование).

- Значаен диверзитет во однос на професиите и секторите на вработување на мигрантите.

## Нивоа на мексиканската миграција кон Соединетите Американски Држави

Според проценките на Соединетите Американски Држави, мексиканската миграција во Соединетите Американски Држави држи просек од 500.000 годишно, повисока бројка за 150.000 од проценките на мексиканската влада (Lowell et al. 2008).

Овие проценки откриваат дека во 2007 година годишниот просек на Мексиканци што живеат во државата и бараат вработување се движи околу 500.000. Тоа е околу 1700 луѓе што ја напуштаат државата секој ден во потрага по нови можности за работа како резултат на недостигот од такви можности и лошите услови за работа. Како што може да се види на слика бр. 1, официјалните податоци за миграцијата на владата на Соединетите Американски Држави, стандардизирани со официјални податоци од пописите на населението, изнесуваат повисок број од оној претставен од официјалните институции на мексиканската влада. Јазот помеѓу овие проценки се прошири од 1980-тите години.




**Слика 1. Просечна годишна мрежа на миграција од Мексико кон Соединетите Американски Држави во периоди (во илјади).**

(Извор: според податоците на Lowell et al. 2008: 5).

Како што може да се види на слика бр. 2, до 2006 година имало вклупно 12 милиони луѓе родени во Мексико, кои живеат во Соединетите Американски Држави. Меѓу 1970 и 2006 година мигрантската популација се мултиплицира за повеќе од 15 пати. Мексиканската миграција расте со поголем интензитет и континуитет

од 1990 година. Како што видовме, миграцијата од Мексико кон Соединетите Американски Држави силно порасна заради великодушната легализација според законот ИРКА што создаде стабилна мрежа за пораст на миграцијата, додека режимите за имплементација на овој закон не успеаја да ги контролираат миграциските текови (Lowell et al. 2008; Durand, Massey 2003).




**Слика 2. – Мексиканци родени во Соединетите Американски Држави, 1950–2006 (бројките во милиони)**

(Извор: според податоците на Lowell et al. 2008: 2).

## Миграцијата и девизните дознаки

Силно поврзан со значајната експанзија на интернационалната миграција е текот на девизни дознаки што исто така порасна во последните декади. Парите испратени од мексиканските мигранти во Соединетите Американски Држави на нивните роднини во Мексико претставуваат еден од главните извори на приход во земјата, единствено надминати од нафтените приходи. На пример, во 2007 година Мексико го заседе третото место меѓу земјите со највисоко ниво на девизни дознаки во светот, а го надминуваат само Индија и Кина. Само во 2007 година приходите во оваа област претставуваа 25 билиони американски долари, сума што се зголемува во однос на претходните години. На пример, во 2002 година девизните дознаки испратени во Мексико од страна на интернационалните мигранти изнесуваа 9,8 билиони долари, а во 2004 овој приход се искачи на 16,6 билиони долари и на крајот стигна до 20 билиони долари во 2005 година (Banco de México 2007). Раул Дел-

гадо Вајс (Raul Delgado Wise 2007) проценува дека едно од пет домаќинства зависи од девизните дознаки за да опстане. Од друга страна, каматата за праќање девизи од Соединетите Американски Држави во Мексико е меѓу највисоките на интернационално ниво, како што може да се види во табела бр. 3. На пример, за да испратат пари од Соединетите Американски Држави во Мексико, мигрантите треба да платат провизија од 9,2 проценти од целосната сума, што е процент повисок од оној што се плаќа за да се испратат пари од Соединетите Американски Држави во Мозамбик (1 %), Турција (4,9 %), Португалија (5 %), Еквадор (5,6 %). Интересно е да се потенцира дека овие земји (покрај тоа што се повеќе оддалечени од Соединетите Американски Држави и што немаат блиски трговски врски) плаќаат помали провизии на сумата пари што им ја праќаат на своите семејства.

**Табела 3. Просечни камати за испраќање пари кон одредени држави од Соединетите Американски Држави во 2004 година**

| Држава | % од сумата на девизни дознаки |
|---|---|
| Мозамбик | 1 |
| Турција | 4,9 |
| Португалија | 5 |
| Еквадор | 5,6 |
| Пакистан | 5,7 |
| Ел Салвадор | 6 |
| Колумбија | 6,2 |
| Перу | 6,5 |
| Грција | 7,1 |
| Индија | 8,1 |
| Филипини | 8,2 |
| Боливија | 8,4 |
| Доминиканска Република | 8,4 |
| Мексико | 9,2 |
| Венецуела | 10,5 |
| Египет | 13,8 |

(Извор: адаптирано од Khalid Koser 2007: 43).

Според она што е кажано погоре можеме да констатираме дека економскиот модел на развој што се применува во Мексико не успева да ја реактивира економијата и да создаде услови за пристојно вработување, создавајќи зависност од надворешни фактори и услови (на пример нафта и девизни дознаки), како што е прикажано од различни економски индикатори меѓу кои текот на девизните дознаки и извозот на нафта. Оваа ситуација го наметнува прашањето што ќе се случи ако овие приходи се намалат бидејќи зависат од надворешни сили и процеси.

## Колатерални ефекти

Во 1994 година Мексико стана еден од најважните трговски партнери на Соединетите Американски Држави со стапувањето на сила на Договорот за слободна трговија на Северна Америка (North American Free Trade Agreement – NAFTA). И покрај тоа, не беше можно да се постигне миграциски договор што ќе ја регулира ситуацијата со неколкуте милиони недокументирани работници со мексиканско

потекло вработени во Соединетите Американски Држави. Како што видовме, недокументираната мексиканска миграција кон Соединетите Американски Држави значително порасна од стапувањето на сила на Договорот за слободна трговија на Северна Америка во 1994 година.

Ливингстон (Livingstone 2009) потенцира дека и покрај фактот што овој договор овозможува слободна трговија на стоки и услуги, не дозволува слободно движење на работниците како што е случај со Европската Унија, која беше создадена како мултинационален трговски блок. Мексиканските мигранти што ја поминуваат границата со Соединетите Американски Држави се соочуваат со депортација и криминализација. Повеќе од 1600 Мексиканци умреле обидувајќи се да ја преминат границата во периодот помеѓу 1998 и 2004 година (Livingstone 2009: 204).

Според поновите студии се проценува дека смртноста на Мексиканците на границата со Соединетите Американски Држави продолжува да расте. На пример, само во 2011 година биле регистрирани 767 смртни случаи на Мексиканци што се обидувале да ја преминат границата со Соединетите Американски Држави. Повеќето од нив биле млади луѓе и жени со универзитетски дипломи. Околу 85 % од смртните случаи биле предизвикани од дехидратација, топлотни удари, прогон, а некои биле застрелани од граничната патрола на Соединетите Американски Држави, според извештајот на Институционалната и револуционерна партија (PRI според шпанските иницијали на партијата) и нејзините претставници во Конгресот (López Villalobos 2012).

Во обидите да најдат пристојна работа во Соединетите Американски Држави Мексиканците и населението на Централна Америка што мигрира во САД го ризикуваат животот и патуваат по најопасната рута за мигранти на планетата. Натоварени на возови поминуваат низ државите Чиапас, Оахака, Табаско, Веракруз и Тамаулипас (Chiapas, Oaxaca, Tabasco, Veracruz, Tamaulipas). Мигрантите што се упатуваат кон Соединетите Американски Држави се соочуваат со апсења, депортација и насилни напади. Криминалните престапи како киднапирање и изнудување се во пораст на северната граница на Мексико, додека наркокартелите се шират и ги прошируваат нивните криминални активности. Многу инциденти од овој вид сугерираат дека криминалните организации имаат поддршка од полициските органи преку соучесништво или непостапување.

Наркокартелите гледаат на мигрантите како на можност за проширување на нивниот бизнис експлоатирајќи ги најранливите групи на светот. Нападите се состојат од грабежи на мигрантите, во одредени случаи киднапирања и барање откуп за ослободување од нивните роднини. Доколку роднините не ја исплатат бараната сума, киднапираните се измачувани, тепани, силувани и понекогаш убивани. Во август 2010 година, на ранчот Сан Фернандо во Тамаулипас (Ranch San Fernando, Tamaulipas), 72 мигранти од Јужна, од Централна Америка и од Мексико беа пронајдени убиени (Watt, Zepeda 2012: 165).

## Заклучок

Во овој текст ги истражуваме неколкуте карактеристики на интернационалната миграција, но исто така и релевантноста на миграцијата од Мексико кон Соединетите Американски Држави и нејзината динамика. Како што видовме, интернационалната миграција се зголемува во светски рамки во последните декади. Так-

вата тенденција може да се следи и во случајот со Мексико. На интернационално ниво Мексико се третира како најголемиот испраќач на мигранти. Мексико има највисоко ниво на емигранти во последните три декади според официјалните податоци на интернационалните организации. Додека Соединетите Американски Држави остануваат најголемиот примач на мигранти во светот, истовремено САД ги прима речиси сите мексикански мигранти.

Според анализите можеме да потврдиме дека миграцијата е транснационално прашање чие решавање има потреба од регионални договори што ги надминуваат националните граници. Миграцијата од Мексико кон Соединетите Американски Држави треба да се разбере така што ќе се земат предвид два суштински аспекти: миграцискиот тек што ги вклучува државата што дава најмногу мигранти во светот и државата што прима најмногу интернационални мигранти.

Видовме дека бројот на интернационалните мигранти расте во последните декади за што е потребно глобално решение од неколку аспекти. На пример, патувајќи кон други земји мигрантите се соочуваат со понижување и со кршење на човековите права, нешто што треба да биде спречено од страна на властите на државите вклучени во миграциските текови (државата на потекло и дестинациската држава). Миграцијата од Мексико кон Соединетите Американски Држави создава различни ефекти за двете држави. Причините за таквите ефекти мора да се истражат со цел да се редуцираат или пак да се претворат во заеднички бенефиции.

Може да биде релевантна една наднационална институција, која би се фокусирала на миграцијата со цел да им се пристапи на проблемите и да се предложат решенија. Постојат одредени наднационални институции што се занимаваат со трудот и со прашања поврзани со околината, но нема такви што се интересираат за миграцијата. Оттука е нивната важност.

Од друга страна, многу е важно да се постигне договор за миграција помеѓу Мексико и Соединетите Американски Држави што треба да исполни две главни цели: од една страна, легализирање (преку амнестија што овозможува граѓанство) за недокументираните работници што работат со години во Соединетите Американски Држави (најмалку 5, како во случајот со ИРКА). Од друга страна, договорот треба да им излезе во пресрет на легалните текови на сезонски мексикански работници според потребите на различни сектори: земјоделство, индустрија и услужни дејности. Постигнувањето на овие две цели ќе овозможи препознавање на трудот на милиони недокументирани Мексиканци во Соединетите Американски Држави и елиминирање или значително намалување на тајната или недокументирана миграција, како и на високиот ризик со кој се соочуваат мигрантите за да стигнат или да ја преминат границата помеѓу Мексико и Соединетите Американски Држави.

Миграцијата од Мексико кон Соединетите Американски Држави одговара на специфичната динамика и е условена од повеќе фактори, а следните ги сметаме за најрелевантни: 1) разликите во платите помеѓу двете држави прави работничката миграција да биде генерирана поради економски причини; 2) отсуството на економски модел за развој во Мексико за создавање на платени работни места поради што Мексико автоматски станува испраќач на работници мигранти; 3) недостигот на рамка за регулирање на слободниот проток на работници од Мексико кон Соединетите Американски Држави со цел да се намали тајната миграција и ризиците по-

врзани со неа, како смртноста на границата, киднапирањето и изнудувањето за време на патувањето на мигрантите.

Постојат и други фактори што го определуваат миграцискиот тек од Мексико кон Соединетите Американски Држави, но ние сметаме дека доколку бидат постигнати споменатите три цели, ќе има значителен напредок во решавањето на ова проблематично прашање со што се кршат човековите права на луѓето што ја напуштаат својата татковина во потрага по можност за работа што ќе ги задоволи нивните основни потреби за преживување.

## Користена литература:


Banco de México 2007. *Las remesas familiares en México.* México: Banco de México.

Castells, M. 2010. *The Rise of the Network Society. The Information Age: Economy, Society, and Culture*, vol. 3. Blackwell, Malden/Oxford.

Delgado Wise, R., Márquez, H. 2007. "The Mexico-Unites States Migratory System: Dilemmas of Regional Integration, Development, and Emigration". Во: Castles, S., Delgado Wise, R. (eds.), *Migration and Development: Perspectives from the South*, Geneva: IOM.

Durand, J., Massey, D. S. 2003. *Clandestinos. Migración México-Estados Unidos en los albores del siglo XXI*, México: Miguel Ángel Porrúa, UAZ.

Escobar Latapí, A., Susan F. Martin 2008. *Mexico-U.S. Migration Management: A Binational Approach,* Lanham: Lexington Books.

Goldin, I. 2006. "Globalizing with their feet: the opportunities and costs of international migration". Во: *Global Issues for Global Citizens: An Introduction to Key Development Challenges,* The World Bank.

Heywood, A. 2011. *Global Politics*. New York: Palgrave Macmillan. http://www.conapo.gob.mx/es/CONAPO/La_Nueva_Era_de_las_Migraciones (пристапено во октомври 2011).

Koser, K., Laczko, F. (Eds.) 2010. *World Migration Report 2010.The Future of Migration: Building Capacities for Change*. Geneva: International Organisation for Migration.

Koser, K. 2007. *International Migration: A Very Short Introduction*. Oxford: Oxford University Press.

Livingstone, G. 2009. *America's Back Yard: The United States & Latin America From The Monroe Doctrine to The War On Terror*. London: Zed Books.

López Villalobos, I. 2012. "Creció el número de muertos al cruzar la frontera", *Periódico El Occidental*, Organización Editorial Mexicana (OEM).

Lowell, L., Pederzini, C., Passel, J. S. 2008. "The Demography of Mexico-U.S. Migration". Во: A. Escobar, S. Martin (Eds.), *Mexico-U.S. Migration Management: A Binational Approach*. Lanham, Maryland: Lexington Books.

Tuirán, R., Ávila, J. L. 2010. "La migración México-Estados Unidos, 1940-2010". Во: Alba, F., Castillo, M. A., Verduzco, G. (coords.), *Los grandes problemas de México, Vol. III. Migraciones Internacionales*, México, El Colegio de México.

Vaidya, A. 2006. *Globalization: Encyclopedia of Trade, Labor, and Politics*. California: ABC-CLIO.

Watt, P., Zepeda, R. 2012. *Drug War Mexico: Politics, Neoliberalism and Violence in the New Narcoeconomy*, Londres: Zed Books.

Zepeda, R. 2009. "Disminución de la tasa de trabajadores sindicalizados en México durante el periodo neoliberal", *Revista Mexicana de Ciencias Políticas y Sociales*, LI (207): 57–81.

Zúñiga, E., Leite, P., Nava, A. R. 2004. *La nueva era de las migraciones. Características de la migración internacional en México*. México: Consejo Nacional de Población.